**Здружение на финансиски работници**
**на локалните самоуправи и јавните претпријатија**
**Association of finance officers**
**of the local governments and public enterprises**

Здружение на финансиски работници на
локалната самоуправа и јавни претпријатија
Бр. 0302-88
16.04. 2026 год.
ВЕЛЕС

До
Сектор / одделение за правни работи /
човечки ресурси / внатрешна ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, следејќи ги потребите и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, од областа на: **постапките за вработување, распоредување и дисциплински постапки во јавните здравствени установи,** со задоволство Ве известува дека на ден **28.04.2026 година, со почеток во 9.30 часот, во хотел „Гардениа" – Велес**, ќе се одржи работилница на тема:

**„ПОСТАПКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, РАСПОРЕДУВАЊЕ И ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА"**

На работилницата ќе бидат разработени следните теми:

1. **Надлежности на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**
2. **Разлика помеѓу управни постапки и постапките од работен однос**
3. **Постапки за вработување, распоредување и дисциплински постапки согласно со Законот за здравствена заштита и Колективниот договор во здравството**
4. **Предизвици при примената новите законски измени на Законот за здравствена заштита**
5. **Правна заштита во постапките од работен однос во здравствените установи при водење на постапките за вработување и распоредување**
6. **Водење на дисциплинските постапки**

Покрај наведените теми, учесниците ќе имаат можност да поставуваат прашања и да добиваат одговори и насоки за постапување.

Работилница е наменета за вработени во секторите / одделенијата за правни работи / човечки ресурси / внатрешна ревизија од јавните здравствени установи и други институции, како и организации кои ја следат и мониторираат работата на здравствените установи.

За спроведување на работилнницата е ангажиран експерт – правник, м-р Илче Мушаревски, со богато професионално искуство во областа на управното право, јавните финансии, ревизијата и законодавството. Тој во текот на својата кариера извршувал повеќе значајни функции во институции од висок јавен интерес, како што се: актуелен **Претседател на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен;** претходно работел како: **Самостоен ревизор во Државниот завод за ревизија; Соработник во Законодавно-правната комисија и Комисијата за уставни прашања на Собранието на Република Северна Македонија, член на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

**Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@gmail.com веб страна https://zfr.org.mk/**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје; Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје Даночен број МК 4004997107233**

**Искористете ја ексклузивната можност да учествувате на работилницата, да се стекнете со соодветни информации, да добиете одговори и насоки за правилно и законско постапување.**

Надоместокот за учество на работилницата, работните материјали, кафе пауза и ручек по учесник изнесува само **5.950 денари со вклучен ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:

**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@gmail.com kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136, или наведените e-mail адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски